34734

ВЕЧЕР ☆ 17 март 1987 година

7354, 15.

● УМЕТНОСТ ● ОБРАЗОВАНИЕ ● КУЛТУРА ● УМ

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

# Конкурс за »Биенале на младите«

● **МЕЃУ ПОВЕКЕТО НОВИНИ ШТО СЕ ВНЕСУВААТ ВО КОНЦЕПЦИЈАТА НА ОВАА ГОЛЕМА ЛИКОВНА СМОТРА Е И ТОА ШТО ПОКРАЈ КЛАСИЧНОТО СЛИКАРСТВО, ТАА ЌЕ СУБЛИМИРА И РАЗНОВИДНИ АСПЕКТИ НА КРЕАТИВНОСТ КАЈ МЛАДИТЕ**

Музејот на современа уметност во Скопје од утре го распишува конкурсот за престојната ликовна манифестација „Биенале на младите". Со ова биенале, Музејот, всушност ја продолжува традиционалната манифестација што под наслов „Млада генерација" се одржуваше цели две децении, а измените кои ги внесува организаторот на оваа голема ликовна смотра на младите автори, произлегоа од новите ликовни состојби кај нас.

Конкурсот ќе трае еден месец, а според утврдените пропозиции на него можат да се јават кандидати кои не се постари од 35 години. Сите тие можат да конкурираат без оглед на нивното образование, (што значи покрај професионалните сликари, право на учество имаат и аматерите), а во зацртаниот рок тие треба да доставаат најмногу до три свои творби. Сите дела што ќе пристигнат во Музејот ќе ги разгледа и селектира жири-комисија.

Она што е новина во оваа ликовна манифестација, што е единствена од ваков вид во Републикава, е што таа во себе ќе сублимира разновидни аспекти на креативност на младите творци. Така, покрај класичното сликарство (слики, графики, скулптури) на „Биеналето на младите" рамноправно ќе се третираат и предлози за уметнички проекти, како што се перформанси, хепенинзи, акции, амбиенти, видео, архитектура и други сродни форми на креативен израз. Сите овие новини кои се внесуваат во оваа ликовна манифестација несомнено ќе имаат исклучителен удел за излегување од досегашните класични рамки на уметноста кај нас, па затоа со право се очекува конкурсот да најде на голем одзив кај младите автори.

Биеналето на младите ќе се одржи во Музејот на современа уметност во Скопје од 1 септември до 1 октомври годинава, а него ќе го проследат и неколку награди и признанија.

В. С.